Машински факултет
Број 02-1150/1
26.08.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 69 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), на предлог на Продеканот за наставна дејност, прифатен и утврден од Деканатската управа, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 15-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 26 август 2021 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за определување на условите за циклично запишување на предметот дипломска работа на студиските програми од прв циклус на студии на Машински факултет во Скопје

I

Со оваа одлука им се дава право на циклично запишување на наставен предмет на студентите на прв циклус на студии на Машинскиот факултет во Скопје, кои студираат на четиригодишните студиски програми воведени во учебната 2017/2018 година.

Правото на циклично запишување на наставен предмет подразбира право на запишување и следење на наставниот предмет од летен во зимски семестар и обратно.

II

Правото на циклично запишување се дава за предметот:

Дипломска работа од летен (VIII) семестар со 10 ЕКТС.

Правото на циклично запишување од претходниот став го имаат студентите кои **повторително запишуваат завршна година на студии.**

III

Правото на циклично запишување на предметот дипломска работа во повторителен зимски (VII) семестар, се дава под следниве **услови:**

- задолжително да се запише зимскиот семестар во тековната учебна година;
- оптоварувањето на студентот во зимскиот семестар, заедно со 10 ЕКТС предвидени за предметот дипломска работа да не надминува 35 ЕКТС;
- до запишување на предметот дипломска работа студентот да има освоени најмалку 200 ЕКТС и
- заостанатите обврски од летен семестар да се однесуваат само на полагање на испити (студентот нема заостанати обврски за добивање потпис по предмети од летен семестар).

IV

Студентите кои со правото на циклично запишување во повторителен зимски семестар го запишуваат или презапишуваат **само предметот дипломска работа**, како единствен заостанат предмет од студиската програма, по истекот на **пет работни седмици** и исполнувањето на обврските од 10-те ЕКТС предвидени за добивање потпис за предметот, можат да ја пријават и бранат дипломската работа.

Доколку студентите од претходниот став нема да ја одбранат дипломската работа до крајот на зимскиот семестар **имаат обврска** да го запишат летниот семестар без плаќање надоместок.

V

Студентите кои нема да добијат потпис по предметите кои ги запишале и следеле во зимскиот семестар во тековната учебна година, како и студентите кои нема да ги положат заостанатите предмети од летен семестар заклучно со зимската испитна сесија (јануарска), при запишувањето на летниот семестар во тековната учебна година **имаат обврска** да го презапишат предметот дипломска работа.

VI

Одредбите од член IV од оваа одлука соодветно се применуваат и при остварување на правото на циклично запишување на предметот дипломска работа во повторителен летен семестар.

VII

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од учебната 2021/2022 година.

Одлуката да се достави до: студентска служба, веб страна, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан
Проф. д-р Дарко Данев